Бр. 03-2/22
31.01.2022
Скопје

17

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: / E pranuar: | 31-01-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 19- | 2071 | / | / |

Врска: 19-68/1,2,3-21

(Име на здружението/ фондацијата)

**ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ**

**“ Борба со COVID 19 ”**

(Име на проектот)

Скопје , 31.01. 2022 година
(место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | 19-68/2 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Здружение на бубрежно болни граѓани НЕФРОН Скопје |
| Наслов на проектот | " Борба со COVID 19 " |
| Период на спроведување на проектот | од 23.07.2021 година до 31.12.2021 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Душко Ѓоргиев |
| Проектен менаџер | Павлинка Балиска<br>Владимир Сарач |
| Телефон и е-пошта за контакт | 02 /322 58 99 zdruzenienefron@yahoo.com<br>0755 217 744 070 314 311 |
| Цел на проектот | Подигнување на нивото на свесност и едукација на релевантната популација – бубрежно болни за начините за справување со Ковид 19 пандемијата, придржување до мерки за заштита, постигнување на поголем опфат со вакцинација и остварување на други права од областа на психо-социјална, здравствена и правна заштита. |
| Целна група | Бубрежно болни лица, пациенти на дијализа, трансплантирани лица и нивните фамилии |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Република Северна Македонија – национално – 5 центри за дијализа во Скопје и 18 центри во други градови |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | 600 000,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 600 000,00ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот. (Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Активностите од проектот беа насочени кон бубрежно болните лица 1600 пациенти на дијализа и со трансплантиран бубрег, медицинскиот персонал и семејствата кои се грижат за нив. Направено е истражување со кое се опфатени сите пациенти на дијализа, анализата од истражувањето е употребена со цел да се анимираат и едуцираат за потребите и важноста на почитување на мерките за спречување на ширењето на Ковид 19 и за прифаќање на вакцинацијата како единствен начин да се стави крај или да се надминат тешките последици од пандемијата. Организирани се повеќе состаноци и едукации на членовите на Нефрон со директен пристап кон целната група – пациентите, во живо и онлајн за да се постигне поголем опфат и ефект од информирањето. Во текот на целиот период е обезбедена психо-социјална и правна поддршка за остварување на правата од областа на социјална и здравствена заштита. Овозможена е континуирана достапност на релевантни тековни информации преку телефонските линии и социјалните мрежи раководени од здружението. Изработени се правни акти за регистрирање на здружението за бесплатна правна помош. Пристапот кон целната група е спроведуван во зависност од старосната, образовна и социјална структура за што здружението има долгогодишно искуство. За континуирано информирање и едукација се подготвувани, печатени и дистрибуирани информативно-

едукативни материјали и на соодветен начин презентирани пред целната група. Анализата покажа дека во октомври 2021 година е постигнат висок процент на вакцинација кај целната група и тоа 85% од пациентите се вакцинирани со 2 дози, над 60% од нив се согласни да пристапуват кон вакцинација со трета доза. 4% од пациентите подоцна ќе се вакцинираат а само 8% изјавиле дека нема да се вакцинираат од медицински и други причини. 29,8% од пациентите биле инфицирани со ковид потврдено со тест.
Во рамки на активностите поддржани од проектот 104 пациенти преку здружението аплицирале и оствариле право за ослободување од наплата на патарина што им е овозможено за 2022 г., а 249 пациенти оствариле право на бесплатен превоз согласно Програмата на одделението за социјална детска и здравствена заштита на Град Скопје за 2022 , за што тимот на Нефрон обезбедува целосна документација и спроведување на постапката за сите членови. Над 150 пациенти и членови на нивните семејства оствариле примарна психолошка подршка и добиле примарни правни совети со посредство и ангажирање на тимот и стручни соработници на здружението.
Посебно внимание во активностите на проектот е посветено на подигнување на јавната свесност за дарување органи после смртта, за што во соработка со Националниот координатор и раководителот на тимот за трансплантација континуирано е известувано до сите медиуми. Членови на Нефрон заедно со претставници на институциите, здравствените установи и медимите спроведуваа активности за подигнување на јавната свесност за донирање органи. РС Македонија 2021 година ја бележи како година со особен успех во трансплантацијата, со направени повеќе кадаверични отколку живи трансплантации на бубрези. Анализата од трансплантацискиот центар потврди дека се направени 16 т-ции од кадавер и 14 од жив донор и рекорден број дарителства на годишно ниво. Особен успех се забележува и во трансплантацијата на срце, коски и коскена срцевина.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги превземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| 1. Подготовка, дистрибуција, спроведување и обработка на податоците од анкетата за пациенти | 1.Изработен е анкетен прашалник наменет за пациенти на дијализа и истиот е проверен од релевантни и медицински кадри. Спроведено е истражување во 23 центри за дијализа од кои 5 центри во Скопје и 18 во други градови во Републиката. Обработени се податоците и направена Анализа на состојбата кај пациентите на дијализа.<br>Податоците се употребени за креирање на стратегии и пристап за едукација кон поединечни центри за постигнување на поглеми резултати, особено во имунизацијата. | Септември-октомври | Анкетата е спроведена на сите 1423 пациенти затекнати во центрите за дијализа. Обработени се 957 целосно пополнети анкети. За спроведување на анкетата се ангажирани 23 претставници на здружението и 23 раководители на центри или медицински сестри да им помогнат на пациентите во пополнување на прашалниците. Изготвен е документ: „Анализа на податоците од истражувањето за состојбата на пациентите на дијализа за време на Ковид 19 пандемијата''<br>кој е употребен за понатамошна едукација и на располагање за потребите на партнерите во проектот . |
| | 2. Воспоставена е соработка и изработен е Извештај за состојбата со трансплантацијата на бубрези во РСМ за време на Ковид пандемијата (од 1.01.2020 – 31.12.2021) со Центарот за трансплантација на бубрези при Клиниката за урологија во Скопје | октомвври-декември | Обработени се податоците за сите 50 извршени трансплантации во тек на 2020 и 2021 г., подготвени се податоци, споделени со медимуите како и на состаноците во Министерството и Фондот за здравствено осигурување на РСМ со цел зголемување на довербата кај населението за |


www.nvcsorabotka.gov.mk
e-mail: nvcsorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | трансплантациската процедура и подигнување на јавната свест за донирање органи. |
| 2. Организирање на работилници (онлајн и во живо во зависност од потребите и условите ) | 1) 1 Регионална работилница со претставници на пациентите од 5 Центри за дијализа од Скопје (претставници на околу 600 пациенти)<br>Презентирани се целите на проектот, активностите кои треба да се спроведуваат и договорени се начините на реализација на целите. | Септември | 1 работилница со 5 претседатели на ограноци и 4 лица од проектниот тим |
| | 2) Онлајн работилница со предавање од Проф.др. Сашо Дохчев на тема „Трансплантација на бубрези во време на пандемија со Ковид 19 '' со презентација на проектот, целите и активностите | 29.10.2021г.<br>Zoom ,<br>11:00ч | Интерактивна работилница со 28 учесници, предвидено 40 мин а траеше 60 мин. Снимка емитувана на ФБ со 800 прегледи, 8 прашања се доставени писмено до др. и поединечно одговорено на заинтересираните страни. |
| | 3) Онлајн работилница со предавање со Проф.др Гоце Спасовски на тема "Справување на бубрежно болните лица со Ковид 19 пандемијата'' со презентација на активносисте и целите на проектот | 16.11.2021 г.<br>Zoom 17:00 | Интерактивна работилница со 32 членови, траеше повеќе од 60 мин. снимка на ФБ со 300 прегледи , 6 прашања писмено одговорени од проф. Спасовски, закажани консултации и прегледи на заинтересирани |
| | 4) Регионална работилница на претставниците на центрите за дијализа за презентација на резултатите од анкетата и евалуација на постигнати резултати од активности за Проектот Борба со Ковид 19 подржан од Владата на РСМ | 12.12.2021г.<br>Скопје<br>11:00ч | 24 присутни на состанокот како и членови на претседателтство , ИО и Надзорен одбор на здружението |
| | 5) 2 Меѓународни работилница во соработка со дијализниот центар Диаверум<br>-Diaverum D.Holiday conference<br>-Health Literacy for everyone living with Kidney Disease | 20-21.10.2021<br>Zoom<br><br>2.12.2021 FB I Zoom | Интерактивна соработка со 70 претставници на пациентски организации, туристички организации, дијализни центри од целиот свет со цел проширување на знаењата и вмрежување за дијализа |
| | 6) Работилница во соработка со Министерство за здравство и Националниот координатор за трансплантација *Подигање на свесноста за значењето на донирање органи и ткива, како и коскена срцевина во лекувањето* | 13.10.2021<br>Хотел Лимак<br>Скопје<br>11:00ч | Промовиран спот изработен од страна на МЗ во кој спот учествуваат претставници од проектниот тим и од членовите на здружението Нефрон кои беа трансплантирани во тековната година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *и спасувањето на човечки животи*<br><br>7) Во соработка со Националниот координатор за трансплантација и Министерот за здравство учество на тим на Нефрон во подршка на Скопски маратон<br><br>8) Работилница –Обука на пациентските организации во здравствениот систем | 3.11.2021 Скопје<br><br>3-5 декември, Хотел Панорамика Скопје | Поддршка на тимот на учесници кои трчаа во чест на дарителите на органи, ткива и коскена срцевина кои со својата хуманост спасуваат човечки животи.<br><br>презентација " Унапредување на правата на пациентите – комисии " -предавач Павлинка Балиска |
| 3. Организирање на психосоцијална /правна поддршка на нашите членови | Канцаларијата на здружението Нефрон во периодот август-декември 2021во континуитет нудеше психосоцијална поддршка и правна/параправна помош и совети за заинтересираните кои се јавуваат лично во канцаларијата, телефонски, на социјалните мрежи или меил адреса.<br>- Канцаларијата на Нефрон во соработка со центрите обезбеди документација, аплицираше на Јавен повик , ажурирше документи и списоци помеѓу центри за дијализа и институциите со цел остварување на правата на пациентите од различни области<br>- Во соработка со сестрите од ЗА НАС ЗМСТА обезбди поддршка и помош на хоспитализирани пациенти (трансплантирани од кадавер, во Ковид центар ГОБ 8ми Септември и.т.н.) со достава на потребни средства,лекови и др. намирници | Август – декември 2021 | - Примарна психо-социјална поддршка за над 150 членови (во живо, онлајн, телефонски)<br><br>-Обезбеден е повластен превоз со ЈСП годишни билети за 249 членови пациенти на дијализа од Град Скопје согласно Програма на одделението за социјална, детска и здравствена заштита на жителите на Град Скопје<br><br>- подготвена е документација за 13 збирни барања за 104 членови да се стекнат со електронски картици за право на бесплатна патарина согласно Закон за Јавни патишта во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта |
| 4. Запишување на здружението Нефрон во регистар на здруженииија кои обезбедуваат примарна бесплатна правна помош | 1.Подготовени се правни акти, измени и дополнувања на Статут на здружение Нефрон, поднесена е документација во Централен регистар за регистрација за здружение за БПП<br><br>2. Подготовка на правни акти и практично усогласување со Закон за зашптита на лични податоци за работата во невладиниот сектор<br><br>3. Упатени се барања до ЈП во 10 локални самоуправи за овозможување на права за пациентите на дијализа согласно Закон за јавни патишта | Одржани се состаноци и консултации, донесени потребни одлуки 12.12.2021г<br><br>Посетена е обука организирана од Здржение на млади правници<br><br>Ноем-декември | 23 присутни членови на состанокот, едногласни одлуки<br><br>Изготвени се 7 интерни документи со кој се обезбедува заштита на личните податоци на бубрежно болните-пациенти на дијализа<br>10 барања |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. Печатење и дистрибуција на пригодни и разбирливи матерјали за реализација на мерки за превенција, лекување и вакцинација против Ковид 19. | Согласно потребите и тековни активности, подготовка и дистрибуција на материјали за информирање, едукација, интерактивно работење со членовите, презентирање на резултати, споделување информации и.т.н. | Октомври-декември | Исечатен е анкетен прашалник и пенкала за активност 1, континуирано известувања за огласни табли во 23 центри за дијализа и флаери за 1600 пациенти, упатства за поднесување документи за остварување на права на превоз, паркинг, патарина и други матерјали за комуникација и едукација постери, тефтери, папки,торби и др. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Проектот се спроведе со предвидената динамика.
Договорот за финансиска поддршка со Владата на РС Македонија е потпишан на 23.07.2021г. и веднаш е пристапено кон екипирање на проектниот тим, договарање на обврските од проектот и воспоставување на континуирана соработка помеѓу здружението Нефрон, надлежните здравствени установи, членовите - пациентите, Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување. Според потребите реализирани се неколку состаноци со одговорните лица во здравствените установи и институции. Соработката со институциите е на високо ниво и е континуирана благодарение на 18-годишното искуство на здружението Нефрон.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Медиумско претставување на претседателот Душко Ѓоргиев на Канал 5 телевизија | | | 14.10.2021 https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/posts/3078735932344977 |
| Медиумско претставување на претседателот Душко Ѓоргиев на Алфа ТВ | | | 18.10.2021година https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/posts/3082502675301636 |
| Јавен настан: претставување на здружение Нефрон на Фестивалот на граѓански организации одржан во Градски парк Скопје | Повеќе од 200 учесници | | 25.09.2021 година https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/posts/3066271996924704 |
| Медиумска објава во Плусинфо "20 пациенти чекаат трансплантација на срце, 2 деца од 14 години во потрага по бубрег" | | | 07.09.2021 година https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/posts/3066271996924704 |
| Нова Македонија: "Живот на дијализа од речиси половина век" | | | 24.07.2021 https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/posts/3036819839869920 |
| Јавен настан: учество во тимот на Националниот координатор за | Повеќе од 30 | | 3.10.2021година https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/posts/3071382329747004 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| трансплантација кој се натпреварува на Скопски маратон во чест на дарителите на органи и на коскена срцевина, штанд | учесници | | 13.10.2021година https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/posts/3078735932344977 |
| Присуство на Конференција во чест на лекарите, пациентите и храброста на органодарителите и дарителите на коскена срцевина во организаицја на д-р Венко Филипче 10:00ч Хотел Лимак | Повеќе од 100 учесници | | настанот медиумски емитуван на Миа.мк |
| Медиумско претставување на проектот на 24инфо.мк од страна на проф.др.Сашо Дохчев член на проектниот тим | | | https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/posts/3098892933662610 |
| Состанок-конференција за проектот пред членовите на Нефрон, Ресторан Национал | 25 | | 12.12.2021 https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/posts/3123994367819133 |
| "Справување на бубрежно болните лица со Ковид 19 пандемијата" online | 28 | | https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/videos/268138821949008/ |
| " Трансплантација на бубрези во време на пандемија со Ковид 19 " | 30 | | https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/videos/314625450172235/ |
| Медиумско претставување во Шоу Магазин на Сител тв Проф.Дохчев | | | https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/posts/3123994367819133 |
| Health literacy for everyone living with kidney disease online снимка | | | https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/posts/3115082932043610 |
| Медиумска промоција прилог за сдк.мк | | | https://www.facebook.com/NEFRONzdruzenie/posts/3048274292057808 |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Со примена на различни пристапи постигната е едукација на значителен број од сите 1600 бубрежно болни - на дијализа и лица со трансплантиран бубрег за спроведување на мерките на заштита од Ковид 19 и вакцинација.Според истражувањето постигната е вакцинација од 85,2% од пациентите на дијализа, а во 4 центри за дијализа 100%од испитаните пациентите изјавиле дека се вакцинирани со 2 дози. 57,5% од пациентите изјавуваат дека ќе примат трета доза вакцина, а 32,2 % не знаат дали да примат трета доза. Во однос на примената на мерките за заштита од Ковид 19 и мерените знаења за тоа како да се заштитат себеси и да го спречат ширењето на вирусот над 60% од пациентите имаат високи знаења кои ги применуваат. Испитувани се и ставовите на целната група во однос на поддржување на политиките на здравствените власт за справување со пандемија и 60% од пациентите ги поддржуваат политиките на здравствените власти. Високи 88% повеќе им веруваат на здравствените работници кои директно се вклучени во процесот на секојдневното лекување. Во однос на потребата од воведување дополнителни мерки за побрзо надминување на пандемијата 38% од испитраниците сметаат дека има потреба од дополнителни мерки и доследно спроведување на постоечките мерки.

Во текот на 2021година направени се 30 трансплантации на бубрези од кои 16 од кадавер и 14 од жив донор, што е за првпат во историјата на трансплантацијата на бубрези во РСМ да има повеќе кадаверични дарителства за една година отколку живи.

Бројот на услужени членови кои остваруваат одредени права и бенефиции преку здружението Нефрон (од обласа на психо-социјална, здравствена и правна помош) во континуитет се зголемува, што покажува дека функцинирањето на здружението и канцаларијата е од особена важост и помош за пациентите. Во тек на пандемијата здружението соработуваше со институциите и со сите центри за

дијализа, а Нефрон во соработка со медицинскиот персонал од Ковид центрите за бубрежно болни реализираше донации на потребни матерјали, вода и потребни лекови за хоспитализираните. Организирани се онлајн едукативни работилници, снимките од нив се објавени на ФБ страницата Нефрон и имаат голема гледаност од над 300 пати.Соработката со докторите од проектниот тим е искористена и за добивање на дополнителни совети и услуги за пациентите во време на пандемија. За време на проектот се реализаирани повеќе медиумски настапи кои се искористени за споделување апели, совети за целната група,но и за поддршка и благодарност за донацијата на органи која се случуваше тековнно со помош на што се спасени 50 лица од дијализа во последните две години.
Сите активности од проектот се одржливи и можат да се спроведуваат на подолг рок, што може да се постигне со поголем ангажман на поголем број лица преку здружението Нефрон за услугите да бидат достапни за што поголем број граѓани. За тоа е неопходна финансиска поддршка преку вакви или слични грантови за одржливот на функцинирањето на граѓанските здруженија. Со дирекните средби на терен – во центрите за дијализа но и онлајн комуникацијата и постојана отвореност и транспарентност преку медиумите и социјалните мрежи се зголеми довербата кај пациентите и граѓаните воопшто бидејќи добиваат информации кои ги интересираат како за дарувањето органи така и за лекувањето на бубрежната болест од превенција до дијализа и трансплантација.

## 7. Финансиски извештај

| **Структура на трошоци** | **Доделени средства (според доставениот ревидиран буџет на проектот)** | **Реализирани трошоци** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | | | |
| Плати | | | |
| Придонеси и даноци од плати | | | |
| Надоместоци и хонорари | 300.000,00 | 300. 000,00 | за проектен тим |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | | | |
| Транспорт | | | |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | | | |
| Канцелариски материјали | | | |
| Други трошоци | | | |
| | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | | | |
| Трошоци за комуникација Интернет | | | |
| Банкарски провизии | | | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | | |
| Користење канцеларија | | | |
| Други индиректни трошоци | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| (специфицирај) | | | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | **300 000.00** | | |
| Договори за услуги | | 78 .800,00 – | ИТ подршка, правник, психолог за организација на сите активности |
| Изнајмување простории за организирање настани | | | |
| Публикации | | 150 .000,00<br>2.520,00<br>3 .112,00 | 4 фактури печатење матерјали<br>Други материјали за учесниците<br>Други трошоци за активности |
| Конференции и работилници | | 23 683,00<br>2 706,00<br>27 .900,00 | Ресторански услуги за учесниците на работилниците<br>Јавен настан во парк<br>патни трошоци за учесниците на работилниците |
| Комуникациски продукти | | 5. 864,00<br>5.415,00 | пошта и карго<br>банкарска провизија |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **600. 000,00** | **600.000,00** | |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат: инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кои вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кои не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

**8. Документација**
**(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)**

Прилог: Завршен извештај, листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи и публикации , детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата – договори за проектен тим и ангажмани и цд со снимки од активности

Скопје, 31. 01 . 2022 год.
(Место) (датум)

Душко Ѓоргиев, претседател на здружение Нефрон
(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата)

(Потпис)

Здружение на бубрежно болни граѓани НЕФРОН М.П. СКОПЈЕ